# Ново Срце

**Неделен Христијански Интернет Билтен** **Година IV. бр. 123, Дата: 19. 03. 2012.**


## ТОПЛО ЧОКОЛАДО ИЛИ ШОЛЈА ?



Една група дипломирани студенти, кои веќе добро напредувале во своите кариери, имале годишнина од своето дипломирање и одлучиле да го посетат нивниот стар, универзитетски професор, кој веќе бил во пензија. За време на нивната посета, тие почнале да зборуваат за нивните кариери и почнале да се жалат колку многу стресови и проблеми имаат на работа.

Откако професорот им понудил топло чоколадо на гостите, отишол во кујната и се вратил со голем послужавник, во кој имало најразлични шолји, полни со топло чоколадо; едни биле од стакло, други-од порцелан, кристал, пластика... Некои биле обични на изглед, а други поскапи и луксузни. Тој ги замолил студентите, секој сам да се послужи, избирајќи си една од шолјите во послужавникот.

Откако сите се послужиле со топло чоколадо, професорот прокоментирал: „Додека се служевте забележав дека сите побрзавте да ги земете убавите и скапи шолји, оставајќи ги зад себе постарите и евтините. Иако изгледа нормално да го сакате само најдоброто за себе, токму тоа е извор на вашите проблеми и стресови. Чашата од која што пиете, не додава ништо на квалитетот на топлото чоколадо. Во повеќето случаи, поскапите шолји дури ни го одземаат вниманието од она што го пиеме. Она што вие навистина го сакавте, беше топлото чоколадо, а не шолјата, но вие сепак повеќе бевте заинтересирани да ја земете најубавата шолја. А откако го направивте својот избор, почнавте да загледувате во шолјите на другите.

Гледајте вака на работите: животот е топло чоколадо, а вашата работа, пари и позиција во општеството, се шолјите. Тие се само садови во кои е сместен вашиот живот. „Шолјата“ не го дефинира, ниту го прави вашиот живот поисполнет и посреќен. Понекогаш, концентрирајќи се само на „шолјата“, не успеваме да уживаме во „топлото чоколадо“ што Бог го има обезбедено за нас. Бог го дава „топлото чоколадо“, а човекот го прави изборот на чашките. Во светот, најсреќните луѓе не се оние што ја имаат најдобрата „шолја“, туку оние што уживаат во „топлото чоколадо“. Најсреќни луѓе се оние кои го прават најдоброто од она што го имаат, а не оние кои го имаат најдоброто. Најсреќните луѓе се оние кои живеат едноставно, несебично, даваат штедро, покажуваат љубов и грижа за другите, а во нивните зборови има љубезност“.



Ако ја истражиме Библијата, ќе откриеме дека и таа ни ја открива оваа едноставна вистина. Самиот Исус, во една прилика кажа: *„Внимавајте и чувајте се од секое користољубие, зашто животот на човекот не се состои во изобилството на неговиот имот!”* **(Евангелие според Лука 12:15)**

На друго место, апостол Павле запишал: *Зашто Божјото Царство не се состои во јадење и пиење, туку во правда, и мир и радост во Светиот Дух.* **(Послание до Римјаните: 14:17).**

За жал, луѓето продолжуваат да трчаат по „шолјата“ (пари, кариера, позиција, голема куќа, автомобил...) и во трката по овие работи, забораваат да се радуваат на животот. Забораваат на својата душа и на нивниот однос со Бог. Некои од нив, живеејќи себичен живот, за да постигнат повеќе во кариерата и богатството, стануваат луѓе со ладни срца. Додека се радуваат на луксузната „шолја“, нивното топло чоколадо веќе станало ладно.

**Автор: Горан Илиев од Неготино**


**Адреса: „Ново Срце“, П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com**